*Веле БЛАГИН*

# СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ НА СТУДЕНТИ И НАСТАВНИЦИ ОД ИНСТИТУТОТ ЗА ДЕФЕКТОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ ВО ХОЛАНДИЈА

По покана на установата за глуви и наглуви лица Ettatha од Woorbyrg и установата за ментално ретардирани лица Craenburg од Noordoop-Холандија а по посредување и предлог на D-r Robert Nepls поранешен преставник на Светската здраствена организација во Македонија и неговата сопруга од 04-13.11.1997 година беше реализиран студиски престој на група студенти, асистенти и наставници од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Престојот на студиската група во Холандија успешно беше реализиран благодарејќи на срдечноста, гостопримството и обезбеденото бесплатно сместувањето и исхрана од страна на установите Ettatha и Craenburg, како и финансиската помош за патни трошоци на групата до Холандија од страна на Институтот отворено општество во Македонија и Министерството за наука на Македонија.

За време на престојот беа посетени повеќе установи, а беше остварена средба и со повеќе личности што се вклучени во третманот на лицата со пречки во развојот од повеќе аспекти.*

* Приказ на искуствата од работата на некои од установите за лицата со пречки во развојот во Холандија, ќе биде даден во наредните броеви на страниците од ова списание.